СОУ „Гимназија Кочо Рацин“- Велес

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
СРЕДНО УЧИЛИШТЕ
ГИМНАЗИЈА КОЧО РАЦИН
бр. 08-532/7
29.10 2026 год.
ВЕЛЕС

ПРОГРАМА

**ЗА ИЗВЕДУВАЊЕ НА ЗАВРШНА ЕКСКУРЗИЈА
ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ТРЕТА ГОДИНА
ВО УЧЕБНАТА 2026/2027 ГОДИНА**

РЕЛАЦИЈА

ВЕЛЕС – ФИРЕНЦА – ПИЗА – ТОСКАНА – ЉУБЉАНА – ВЕЛЕС

Велес, 2026/2027

СОДРЖИНА НА ПРОГРАМАТА

Согласно важечкиот Правилник, програмата ги содржи следните основни елементи:

1. **Вид на училишната екскурзија**
2. **Воспитно-образовни цели**
3. **Задачи**
4. **Содржини и активности**
5. **Раководител на екскурзијата, наставници и ученици**
6. **Времетраење**
7. **Локации за посета и разгледување**
8. **Релација на патување**
9. **Техничка организација**
10. **Начин на финансирање**

Кодексот на однесување на учениците за време на екскурзијата и Изјавата на ученикот и родителот/старателот се подготвуваат како посебни прилози кон документацијата за екскурзијата.

Програмата е изработена согласно член 24-а од Законот за средното образование, Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта бр. 13-10833/1 од 04.08.2025 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта бр. 13-4247/1 од 13.03.2026 година, Годишната програма за работа на СОУ „Гимназија Кочо Рацин“ – Велес за учебната 2026/2027 година и одлуките на надлежните органи на училиштето.

Со одлука на Училишниот одбор е формиран Тим за подготовка на Програмата за училишната екскурзија за учебната 2026/2027 година.

Учениците во училишната екскурзија се вклучуваат доброволно.

1. ВИД И ВОСПИТНО-ОБРАЗОВНИ ЦЕЛИ

Завршната екскурзија е поврзана со воспитно-образовни цели од повеќе наставни области и со непосредно запознавање на културните, историските, географските и природните содржини на местата што се посетуваат.

Вид: завршна училишна екскурзија за учениците од трета година.

Воспитно-образовните цели се:

1. усвојување, проширување и поврзување на знаењата од повеќе наставни области;
2. запознавање со културно-историските, природните и естетските вредности на Италија и Словенија;
3. развивање интерес за европското културно наследство и почитување на различностите;
4. развивање социјални вештини, соработка, толеранција, самостојност и одговорно однесување;
5. примена на стекнатите знаења и вештини преку непосредно набљудување и искуствено учење.

2. ЗАДАЧИ

1. учениците непосредно да се запознаат со историјата, културата, архитектурата и природните особености на местата што се посетуваат;
2. да ги прошират знаењата за Фиренца, Пиза, Тоскана и Љубљана;
3. да развиваат позитивен однос кон културните и природните вредности и нивната заштита;
4. да развиваат другарство, солидарност, толеранција и чувство на одговорност;
5. да ги почитуваат правилата за безбедно и културно однесување за време на патувањето и престојот во странство.

3. СОДРЖИНИ И АКТИВНОСТИ

- Посета на избрани културно-историски знаменитости во Фиренца.
- Посета на Пиза и избрани локалитети во Тоскана.
- Посета на музеи и културни институции согласно оперативната агенда.
- Посета на Сиена и Сан Џимињано согласно избраната понуда
- Кратка организирана посета на Љубљана при враќањето.
- Рекреативни и социјализациски активности соодветни на возраста и интересите на учениците.

Активностите се реализираат без непотребно преоптоварување на агендата, со доволно време за безбедно патување, одмор, сместување и организирано движење на групата.

4. РАКОВОДИТЕЛ, НАСТАВНИЦИ И УЧЕНИЦИ

За раководител на екскурзијата е именувана Христина Леова, а за заменик-раководител Снежана Арсеновска.

Раководителот на екскурзијата и наставниците-придружници се определуваат согласно Правилникот и актите на училиштето. Конечниот број наставници-придружници се утврдува според бројот на ученици кои ќе учествуваат.

Паралелки и класни раководители кои ќе бидат опфатени со програмата:

III-1 - Драгана Тевчева
III-2 - Снежана Арсеновска
III-3 - Христина Леова
III-4 - Јулијана Михова

5. ВРЕМЕТРАЕЊЕ, ЛОКАЦИИ И РЕЛАЦИЈА

Завршната екскурзија се организира еднаш во текот на средното образование, ќе трае најмногу 6 (шест) дена, а ќе се реализира во месец Април/Мај 2027 година.

Почитувајќи го интересот на учениците и родителите од страна на Тимот за подготовка на Програмата за екскурзии за III година во учебната 2026/2027 година изготвен е анкетен прашалник (деловоден бр. Дел.бр. 08-532/3 од 09.09.2026 година) со три предлог дестинации. По извршената анкета констатирано е дека 67,9% од учениците ја одбраа релацијата:

ВЕЛЕС – ФИРЕНЦА – ПИЗА - ТОСКАНА – ЉУБЉАНА – ВЕЛЕС

Прв ден: Велес – Фиренца
Поаѓање за Фиренца во попладневните часови. Ноќно патување со попатни паузи. Пристигнување во Фиренца. Посета и разгледување на Санта Марија Новела, Пјаца дела Република, Пјаца дела Сињорија, Палацио Векио и Понте Векио. Време за ручек по слободен избор. Сместување во хотел. Кратка прошетка и разгледување на околината. Вечера и ноќевање.

Втор ден: Фиренца
Појадок. Посета на Дуомо комплекс (Катедрала Санта Марија дел Фиоре, Баптисерија и Камбанарија Џиото. Ручек по слободен избор. Организирана посета на Галерија Уфици. Кратка прошетка и враќање во хотел. Вечера и ноќевање.

Трет ден: Фиренца – Пиза – Лука - Фиренца
Појадок. Поаѓање за Пиза (Пјаца де Мираколи, Кривата кула, Катедрала). Ручек по слободен избор. Поаѓање кон Лука. Посета на стариот град, градските ѕидини, Пјаца дел Амфитеатро. Враќање кон Фиренца. Вечера и ноќевање.

Четврти ден: Фиренца – Сиена - Фиренца
Појадок и поаѓање за Сиена. Посета на Пјаца дел Кампо, Палацо Публико, прошетка низ средновековните улици и време за факултативен ручек. Поаѓање кон Сан Џимињано. Посета на средновековни кули, Пјаца дела Цистерна, Пјаца дел Дуомо и панорамски поглед на лозовите насади на Тоскана. Враќање за Фиренца. Вечера и ноќевање.

Петти ден: Фиренца
Појадок. Посета на Палацо Пити и Градините Боболи. Ручек по слободен избор. Организирана посета на Музејот на Галилео Галилеј и посета на Пјацале Микеланџело. Вечера и ноќевање.

Шести ден: Фиренца – Љубљана - Велес
Појадок и одјавување од хотел. Враќање за Велес со попатни паузи и кратка прошетка низ Љубљана. Пристигнување во Велес.

При посета на овие локалитети, знаменитости и слични објекти, учениците со предавања од страна на лиценцирани туристички водичи, ќе имаат можност да се запознаат со природните, историските, географските и културните одлики на овие земји што пак ќе придонесе за збогатување на знаењата и искуствата на учениците и нивното културно издигнување во општествениот систем на живеење. Преку реализацијата на оваа екскурзија со општ воспитно – образовен карактер учениците ќе ги прошират своите сознанија од повеќе наставни предмети. На тој начин теоретските сознанија со кои располагаат ќе ги дополнат со практични и искуствени сознанија кои ќе им бидат корисни во понатамошното школување и живот.

6. ТЕХНИЧКА ОРГАНИЗАЦИЈА

Постапката за избор на организатор/понудувач се спроведува согласно важечкиот Правилник за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта. Постапката ја спроведува Комисијата за прибирање и оценување на понуди, формирана согласно Правилникот и одлуката на Училишниот одбор.

Условите за понудувачот, превозот, сместувањето, исхраната, осигурувањето, услугите, критериумите за избор и другите технички барања се утврдуваат во огласот/поканата и документацијата за прибирање понуди, врз основа на оваа одобрена програма и важечките прописи.

Во цената е вклучено:
- Автобуски превоз на дадената релација со клима WC и ТВ;
- 4 ноќевања во Фиренца или околината но не подалеку од 20 км од центарот на Фиренца во хотел со минимум 3★ со вечера и појадок;
- Влезници за посета на знаменитостите, музеи и туристичка такса

- Обезбеден локален туристички водич при посетата на знаменитостите
- Придружник од агенцијата во секој автобус за цело време на патувањето;
- Придружба на доктор на целото патување и комплетна опрема за прва помош;
- Патничко и здравствено осигурување без франшиза за сите ученици и придружници;
- Попуст од 20% за два ученика од социјално загрозени семејства;
- Сместување и храна за 4 наставници;
- Банкарска гаранција од 15% од вредноста на договорот;

Избраната туристичка агенција е должна да обезбеди:

- висококвалитетен автобус ЕУРО 6
- возачи со важечко лекарско уверение (не постаро од 6 месеци) и потврда дека не возеле најмалку 12 часа пред поаѓање;
- влезници за културни и забавни активности.
- туристичка такса во градовите
- банкарската гаранција да важи 60 дена по завршувањето на екскурзијата

Договорот помеѓу училиштето и туристичката агенција се склучува по одлука на Училишниот одбор. Агенцијата е должна во рок од 7 дена по потпишување на договорот да достави банкарска гаранција во висина од 15% од вкупната вредност на договорот.

Понудата на понудувачот кој не ги исполнува минималните услови и дополнителните критериуми ќе биде одбиена од страна на комисијата како неприфатлива.

7. НАЧИН НА ФИНАНСИРАЊЕ

Екскурзијата ќе биде финансирана од страна на родителите/старателите на учениците, согласно член 24-а став (12) од Законот за средното образование и членовите 23 и 24 од Правилникот за начинот на изведување на училишните екскурзии на учениците од средните училишта („Службен весник на РСМ“ бр. 78/25 и 132/25).

Училиштето не располага со финансиски средства од екскурзијата и плаќањето се врши директно помеѓу родителот и туристичката агенција.

Туристичката агенција е должна да обезбеди договор за патување за секој родител/старател, во кој се наведуваат: цената, роковите и начинот на плаќање, условите за откажување и осигурувањето.

Цените во понудите мора да бидат фиксни и да не подлежат на корекција во текот на реализацијата на договорот.

Туристичката агенција треба да понуди поволности и попусти за:

- ученик/ци од социјално загрозени семејства;
- плаќање на рати;
- повеќе членови од исто семејство кои учествуваат во екскурзијата.

Во случај на откажување на патувањето, повратот на средствата се врши согласно условите дефинирани во договорот меѓу родителот и туристичката агенција.

ТИМ за подготовка на Програмата за завршна екскурзија за III година за учебната 2026/2027 година			
Бр.	**Име и презиме**	**Работна позиција**	**Своерачен потпис**
1.	Илија Попов	Директор	
2.	Марија Стојановска	Педагог	
3.	Анита Смилевска	Психолог	
4.	Ленче Перчинковска	Специјален едукатор и рехабилитатор	
5.	Драгана Тевчева	Класен раководител	
6.	Снежана Арсеновска	Класен раководител и зам. раковод. на екскурзија	
7.	Христина Леова	Класен раководител и раководител на ексурзијата	
8.	Јулијана Михова	Класен раководител	
9.	Силвана Печкова	Наставник	

ЗАБЕЛЕШКА: Програмата може да претрпи промени во зависност од потребите и состојбите во училиштето и општата здравствена-безбедносна состојба

Раководител на екскурзијата:

Христина Леова

Директор

Илија Попов